*ПОВИК ЗА УЧЕСТВО НА ОБУКА*

*„Развивање на апликации наменети за ИПАРД програмата“*

## 1. За Сојуз – Национален совет за родова рамноправност

Националниот совет за родова рамноправност (НСРР) е национална мрежа на 116 локални женски организации посветена на родова рамноправност, заштита на женските и човековите права, развој и градење мир. НСРР има мисија да ги промовира правата на жените, да работи на елиминација на сите форми на дискриминација на жените и на изградба на општество со еднакви можности за сите. За спроведувањето на својата програма за 2023 НСРР обезбеди оперативен грант од фондови на Европската Унија. Во согласност со Стратегијата на НСРР, целта на годишната програма е да придонесе кон родова рамноправност и почитување на човековите права во Република Северна Македонија.

## 2. За обуката

Со задоволство Ве покануваме на еднодневна обука за ИПАРД (Инструмент за претпристапна помош за рурален развој), специјално дизајнирана за жени кои живеат во руралните области. Оваа обука има за цел да ги зајакне и опреми жените со знаења и вештини потребни за развој на успешни ИПАРД проектни апликации.

**За време на обуката, учесничките ќе имаат можност да:**

- Се стекнат со основно разбирање на ИПАРД програмата, нејзините цели и важност за руралниот развој;
- Се запознаат со процесите на аплицирање, критериумите за подобност, финансиски менаџмент за потребната апликација;
- Ги зголемат своите вештини за подготовка на проектите апликации.
- Анализираат успешни примери и добри практики од ИПАРД програмата.

Ги охрабруваме жените кои живеат во руралните средини и се активно вклучени во иницијативите за рурален развој или планираат да иницираат проекти во сектори подобни за ИПАРД финансирање да ја искористат оваа можност и да ги зајакнат своите капацитети.

Имајте предвид дека учеството на оваа обука е **бесплатно.** Сепак, поради ограничените места, ги замолуваме заинтересираните учеснички да се пријават однапред за да го обезбедат своето место. Патните трошоци се покриени во рамки на автобуски билет, ручекот и освежување се обезбедени од наша страна.

**3. Начин на пријавување**

Заинтересираните кандидатки можат да се пријават со доставување на контакт информации ( име и презиме, е-пошта и телефонски број) на следниве адреси: stankovikmartina@gmail.com , teazografska@gmail.com и sozm@t.mk со предмет**: АПЛИКАЦИЈА ЗА УЧЕСТВО НА ОБУКА ЗА ИПАРД ПРОГРАМА, најдоцна до 27.06.2023 година.**

Обуката ќе биде водена од страна на искусен експерт/ка за рурален развој и ИПАРД програми. **Датум на одржување на обуката 29.06 ( четврток), во Скопје.**

За дополнителни информации, слободно контактирајте не.

***Ве очекуваме!***